ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ "ВОДОВОД" ц.о.
Ndermarrja publike "VODOVOD" c.o.
Бр.Nr. 05- 1118/1
31.07..2020 год. viti
КУМАНОВО – KUMANOVE

Друштво за производство, трговија и услуги
КАЗ ГРУП увоз-извоз ДОО
Бр. 03-435/1
31.07 2020 год.
Илинден

# ДОГОВОР

**За јавна набавка на лиеножелезни фазонски делови Дел 1-лиеножелезни фазонски делови и Дел 2- репаратурни елементи со широк опсег за потребите на ЈП ВОДОВОД Куманово за период од 1(една) година.**

Склучен на ден 31.07.2020 помеѓу:

1. ЈП ВОДОВОД Куманово, со седиште во Куманово на ул.Фетка наскова бр.22 Куманово со МБС 4031245 застапувано од Горан Стојковски, В.Д Директор, во понатамошен текст: Договорен орган, и

2. Друштво за производство,трговија и услуги КАЗ ГРУП увоз-извоз ДОО Скопје со МБС 6083986, со седиште на ул.24.бр.29 Индустриска зона н.Илинден 1041 Скопје , застапувано од Управителот Катерина Здравеска Николоска , во понатамошен текст: Носител на набавката

**Член 1**

Со овој договор се уредуваат меѓусебните права и обврски на договорните страни во врска со набавка на лиеножелезни фазонски делови Дел 1- лиеножелезни фазонски делови и Дел 2- репаратурни елементи со широк опсег , со сукцесивна испорака за период од 1 (една) година , согласно Одлуката за јавна набавка од 03.06.2020 год., по спроведена постапка за доделување на договор за јавна набавка со отворена постапка бр. **08031/2020** која заврши со електронска аукција и Одлука за избор на најповолен понудувач од 13.07.2020 год.

## ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 2**

Предмет на овој договор е јавна набавка на лиеножелезни фазонски Дел 1- лиеножелезни фазонски делови и Дел 2- репаратурни елементи со широк опсег , за потребите на ЈП ВОДОВОД Куманово за период од 1 година , согласно техничката спецификација и прифатената понуда со спроведена отворена постапка , по **Оглас бр 08031//2020**.

Спецификацијата на предметот на набавката по вид, количини и квалитетет е дадена во понудата која е составен дел на овој договор.

## ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 3**

Вкупната вредност на јавната набавка по завршена електронска аукција вклучувајќи ги сите трошоци и попусти, од член 1 на овој договор изнесува 9.145.000,00 денари со пресметан ДДВ, односно 7.750.000,00 ден. без пресметан ДДВ и ДДВ на износ од 1.395.000,00 денари согласно конечната Понудата која е во прилог на овој Договор.

Вкупна цена со ДДВ за Дел 1 – 4.861.600,00 ден.( 4.120.000,00 ден. без ДДВ и ДДВ на износ од 741.600,00 ден.),

Вкупна цена со ДДВ за Дел 2 – 4.283.400,00 ден. (3.630.000,00 ден. без ДДВ и ДДВ на износ од 653.400,00 ден.).

Во цената се пресметани царината, данокот на додадена вредност,трошоци за транспорт и други трошоци до седиштето на Договорниот орган.

Договорниот орган нема обврска да го порача предметот на набавката во вкупните количини наведени во спецификацијата од член 1 од Договорот.

## ОБВРСКИ НА НАСИТЕЛОТ НА НАБАВКАТА

**Член 4**

Носителот на набавката се обврзува предметот на набавката да биде испорачан сукцесивно, најдоцна во рок од 7 (седум) дена по писмена порачка од страна на набавувачот ф-ко објекти на ЈП Водовод Куманово. Во колку поради ненавремена испорака од страна на Носителот на набавката ќе предизвикаат штетни последици кај Набавувачот истиот може да бара и надомест на штета.

Носителот на набавката се обврзува да врши испорака на предметот на набавката согласно со квалитетот и техничките барања и карактеристики наведени во понудата. При секоја испорака на предметот на набавка, носителот на набавката задолжително доставува декларација на стоката. Доколку квалитетот отстапува од утврдениот во овој договор, набавувачот има право да бара замена на предметот на набавката доколку е тоа можно, а доколку Носителот на набавката не ја заврши замената, набавувачот го задржува правото да бара надомест на штета.

**КВАЛИТАТИВЕН И КВАНТИТАТИВЕН ПРИЕМ**

**Член 5**

Квантитативниот и квалитативниот прием на предметот на набавката ќе го вршат лица овластени од страна на ЈП ВОДОВОД Куманово.

Квалитативен и квантитативен прием на предметот на набавка опишан во член 1 од овој Договор, врши Договорниот орган, со документ (испратница) потпишана од двете договорни страни.

Документот (испратница) треба да е пополнет во три примероци и мора да ги содржи истите податоци како во порачката добиена од Договорниот орган.

Во текот на примопредавањето се утврдува квалитетот и квантитетот на испорачаната стока/и.

Носителот на набавката се обврзува да врши испорака на предметот на набавката опишан во Член 1 од овој Договор согласно со квалитетот и техничките специфкации (барања), карактеристики и доставените сертификати наведени во прифатената понудата ., кои се составен дел на Договорот.

Доколку квалитетот отстапува од утврдениот во овој договор, набавувачот има право да бара замена на предметот на набавката доколку е тоа можно, а доколку Носителот на набавката не ја заврши замената, Договорниот орган го задржува правото да бара надомест на штета.

**Член 6**

Испорака на предметот на набавката, Носителот на набавката ќе врши исклучиво врз основа на порачка на Договорниот орган.

Порачката од став 1 на овој член ја издава Договорниот орган и истата треба да биде потпишана од овластено лице.

**Член 7**

Порачката за предметот на набавката ќе содржи: вид на стока и количина .

Секоја испорака на предметот на набавката од страна на Носителот на набавката која нема да биде во согласност со издадената порачка или ќе биде извршена без порачка од Договорниот орган ќе се смета за неважечка, а трошоците нема да се признаат и истите ќе паднат на товар на Носителот на набавката.

**ДОГОВОРНА КАЗНА ЗА ЗАДОЦНУВАЊЕ , НЕИСПОЛНУВАЊЕ ИЛИ НЕУРЕДНО ИСПОЛНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ**

**Член 8**

Во случај на доцнење со испорака на предметот на набавката на овој договор од страна на Носителот на набавката ,Договорниот орган има има право на надомест на штета и договорена казна-пенали во висина од 0,2 % од вредноста на испорачаната стока со задоцнување со секој започнат нареден ден но не повеќе од 5% од вредноста на испорачаната стока со задоцнување

Утврдената вредност на договорната казна –пенали Договорниот орган ќе ја одбие од вредноста на фактурата за плаќање.

**ИЗГОТВУВАЊЕ НА ФАКТУРА**

**Член 9**

При изготвување на фактурата , Носителот на набавката е должен да ги наведе следните елементи:

- Назив на Договорниот орган , место , седиште и даночен број;
- Број и датум на договор,
- Количини со опис на стоката дефирани по елементи како во член 2 од договорот;
- Единечна договорена цена на секој од елементите без ДДВ;
- Вкупна цена без ДДВ по елементи;
- Пресметка за ДДВ;
- Валута за плаќање ;

## РОК И НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ

**Член 10**

Договорниот орган се обврзува плаќањето да го врши во рок од 60 (шеесет) дена од денот на испорака на стоката и прием на фактурата со целокупната пропратна, уредно заверена, документација, во архивата на ЈП Водовод Куманово.

Составен дел на фактурата е испратница потпишана од двете договорни страни.

## ОДГОВОРНОСТ ЗА МАТЕРИЈАЛНИ НЕДОСТАТОЦИ

**Член 11**

Материјален недостаток постои :

- ако стоката ги нема потребните својства за нејзина редовна употреба или за промет;
- ако стоката ги нема потребните својства за особената употреба за која ја набавува Договорниот орган , а која му била позната на Носителот на набавката или морала да му биде позната.;
- ако стоката ги нема својствата и одликите што се изречно договорени односно пропишани, и
- Кога Носителот на набавакатапредал стока која не е соодветна на техничките спецификации прифатени од негова страна.

**Член 12**

Договорниот орган е должен примениот предмет на набавка на вообичаен начин да го прегледа или да го даде на преглед штом тоа според редовниот тек на работите е можно и за видливите недостатоци да го извести Носителот на набавката во рок од осум дена од приемот на набавката.

Кога прегледот е извршен во присуство на двете страни , Договорниот орган е должен своите забелешки поради видливи недостатоци да му ги соопшти на Носителот на набавката веднаш или во рок кој нема да биде подолг од приемот на предметот на набавката.

**Член 13**

Во известувањето за недостатокот на стоката Договорниот орган е должен поблиску да го опише недостатокот и да го повика Носителот на набавката да ја прегледа стоката.

Ако известувањето за недостатокот кое Договорниот орган навремено го испратил до Носителот на набавкатасо препорачано писмо , електронски или на некој друг сигурен начин , задоцни или воопшто не стигне до Носителот на набавката, се смета дека Договорниот орган ја извршил својата обврска да го извести Носителот на набавката.

Доколку се потврди материјалниот недостаток на предметот на набавката , Договорниот орган има право да :

- Бара замена за производот со неупотребуван ист таков производ или
- Раскинување на договорот , враќање на платениот износ и надомест на претрпена штета.

Во известувањето за недостатокот на стоката Договорниот орган е должен поблиску да го опише недостатокоти да го повика Носителот на набавката да ја прегледа стоката.

**Член 14**

Договорниот орган не го губи правото да се повика на некој недостаток и кога не ја извршил својата обврска стоката да ја прегледа без одлагање или обврската во определениот рок да го извести Носителот на набавката како и кога недостатокот се покажал дури по истекот на шест месеци од предавањето на стоката , ако тој недостаток му бил познат на Носителот на набавката или не можел да му остане непознат.

## ВИША СИЛА

**Член 15**

Договорниот орган и носителот на услугата се согласни ниту една договорна страна да не биде одговорна кон другата за загуба , повреда или неизвршување на одредбите од овој договор кои се предизвикани од виша сила.

Под виша сила се подразбира се она што е регулирано со Законот за облигациони односи.

Договорните страни се обврзуваат писмено да ја известат другата договорна страна, во случај на настапување на виша сила и ќе договорат нови услови за негово исполнување или ќе го раскинат договорот .

**РЕШАВАЊЕ НА СПОРОВИ**

**Член 16**

Договорните страни се согласни да ги применат највисоките стандарди за етичко и законито однесување за време на реализација на овој договор.

Кога една од договорните страни не ќе ја исполни својата обврска на начин како што е определно со одредбите на овој договор , другата договорна страна може да бара исполнување на обврските или да го раскине договорот.

Кога една од договорните страни не ќе ја исполни својата обврска во определениот рок, другата страна писмено ќе побара да ја исполни обврската и ќе остави примерен дополнителен рок за исполнување на обврската.

Ако договорната страна не ја исполнила својата обврска ниту во определениот рок, ниту во дополнителниот примерен рок, другата договорна страна може да го раскине договорот и има право да бара надомест на штета.

**Член 17**

Договорната страна која поради неисполнување на договорните обврски го раскинува договорот должна е за тоа да ја извести другата договорна страна без одлагање, по писмен пат.

**ИЗМЕНИ НА ДОГОВОРОТ ЗА ЈАВНА НАБАВКА ВО ТЕКОТ НА НЕГОВАТА ВАЖНОСТ**

**Член 18**

Договорот за јавна набавка може да се измени без спроведување на нова постапка за јавна набавка само доколку се исполнети барањата согласно член 119 од Законот за јавни набавки.

**КОРУПЦИСКО ИЛИ ИЗМАМНИЧКО ОДНЕСУВАЊЕ**

**Член 19**

Договорните страни се согласни да ги применат највисоките стандарди за етичко и законито однесување за време на реализација на овој договор.

**ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

**Член 20**

Договорените страни се согласни за се што не е предвидено со овој договор ќе се применуваат одредбите од Законот за облигациони односи, Законот за јавни набавки и позитивните законски прописи во Република Северна Македонија .

**Член 21**

Изменувања и дополнување на Договорот можат да се вршат со заедничка согласност на договорните страни по писмен пат.

Договорот може да се менува со Анекс-Договор само во согласност со одредбите од Законот за јавни набавки , законот за облигациони односи и тендерската документација.

**Член 22**

Овој договор се смета за склучен и стапува во сила на денот на неговото потпишување од двете договорни страни , односно на денот кога е потпишан од договорната страна која последна го потпишала во случај кога договорот не е потпишан во истиот ден од двете договорни страни .

**Член 23**

Овој договор е склучен во 4 (четири) еднакви примероци од кои по два за секоја договорена страна .

| | |
|---|---|
| Договорен орган<br>ЈП ВОДОВОД Куманово<br>Горан Стојковски | Носител на набавка<br>КАЗ ГРУП ДОО Скопје<br>Катерина Здравеска Николоска |
| ______________________<br>Одговорно лице | ______________________<br>Одговорно лице |

ДЕЛ 2 - ТЕХНИЧКО И ФИНАНСИСКА ПОНУДА ЗА НАБАВКА НА РЕПАРАТУРНИ ЕЛЕМЕНТИ СО ШИРОК ОПСЕГ

| р.бр | Опис и технички карактеристики | Номинален дијаметар Ø | Единица мерка | Количина | Единечна цена по е-аукција без ДДВ | Вкупна цена по е-аукција без ДДВ | ДДВ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 5 | 6 | | | |
| 1 | **Адаптер спојка со широк опсег** *за спојување цевки од разнородни материјали, (универзални спојки со еластичен (гумен) спој од двете страни) според МКС EN 14525: 2009 или еквивалентно* | 50 | парче | 2 | 2.413,44 | 4.826,88 | 868,84 |
| | | 65 | парче | 2 | 2.616,38 | 5.232,76 | 941,90 |
| | | 80 | парче | 80 | 2.977,52 | 238.201,73 | 42.876,31 |
| | | 100 | парче | 160 | 3.591,79 | 574.686,77 | 103.443,62 |
| | | 125 | парче | 50 | 3.705,49 | 185.274,70 | 33.349,45 |
| | | 150 | парче | 40 | 4.642,55 | 185.702,16 | 33.426,39 |
| | | 200 | парче | 12 | 6.897,98 | 82.775,78 | 14.899,64 |
| | | 250 | парче | 6 | 11.392,02 | 68.352,13 | 12.303,38 |
| | | 300 | парче | 8 | 12.172,09 | 97.376,69 | 17.527,80 |
| | | 350 | парче | 4 | 12.673,35 | 50.693,38 | 9.124,81 |
| | | 400 | парче | 4 | 13.830,77 | 55.323,08 | 9.958,15 |
| | | 450 | парче | 2 | 20.047,91 | 40.095,81 | 7.217,25 |
| 2 | **Адаптер полуспојка со широк опсег** *за спојување цевки од различни материјали од една страна и со фланша од другата страна за спојување со фазонски делови.(универзална полуспојка со еластичен (гумен) спој од една страна и фланша од друга стана) според МКС EN 14525: 2009 или еквивалентно* | 50 | парче | 2 | 2.792,23 | 5.584,47 | 1.005,20 |
| | | 65 | парче | 2 | 3.637,87 | 7.275,75 | 1.309,63 |
| | | 80 | парче | 12 | 3.700,26 | 44.403,09 | 7.992,56 |
| | | 100 | парче | 12 | 3.879,32 | 46.551,85 | 8.379,33 |
| | | 125 | парче | 8 | 5.255,22 | 42.041,76 | 7.567,52 |
| | | 150 | парче | 8 | 5.362,66 | 42.901,27 | 7.722,23 |
| | | 200 | парче | 4 | 6.048,19 | 24.192,75 | 4.354,70 |
| | | 250 | парче | 4 | 9.759,77 | 39.039,09 | 7.027,04 |
| | | 300 | парче | 4 | 12.056,34 | 48.225,38 | 8.680,57 |
| | | 350 | парче | 4 | 15.537,32 | 62.149,26 | 11.186,87 |
| | | 400 | парче | 2 | 16.855,73 | 33.711,47 | 6.068,06 |
| | | 450 | парче | 2 | 18.164,58 | 36.329,16 | 6.539,25 |
| 3 | **Адаптер спојка со гумени прстени** *и челични фиксер за спојување полиетиленски и PVC водоводни цевки притисок min.PN 10 бари. (универзални спојки со гумени прстени и челични фиксери од двете страни, челичните фиксери служат за фиксирање на полиетиленски и PVC водоводни цевки). според МКС EN 14525: 2009 или еквивалентно.* ***Последниот профил (315) се однесува за min. PN 16 бари.*** | 63 | парче | 2 | 3.186,63 | 6.373,27 | 1.147,19 |
| | | 75 | парче | 2 | 3.273,71 | 6.547,43 | 1.178,54 |
| | | 90 | парче | 20 | 3.392,01 | 67.840,23 | 12.211,24 |
| | | 110 | парче | 20 | 3.473,34 | 69.466,82 | 12.504,03 |
| | | 140 | парче | 12 | 5.339,73 | 64.076,73 | 11.533,81 |
| | | 160 | парче | 12 | 6.179,47 | 74.153,69 | 13.347,66 |
| | | 225 | парче | 10 | 10.286,12 | 102.861,17 | 18.515,01 |
| | | 280 | парче | 2 | 14.642,37 | 29.284,75 | 5.271,25 |
| | | 315 | парче | 4 | 21.398,40 | 85.593,60 | 15.406,85 |
| | | 355 | парче | 4 | 22.289,53 | 89.158,12 | 16.048,46 |
| | | **315** | парче | 4 | 21.398,40 | 85.593,60 | 15.406,85 |
| | **Адаптер полуспојка со гумен прстен** *и челичен фиксер за спојување полиетиленски и PVC водоводни* | 63/50 | парче | 4 | 2.649,89 | 10.599,56 | 1.907,92 |
| | | 75/65 | парче | 4 | 2.690,44 | 10.761,77 | 1.937,12 |
| | | 90/80 | парче | 20 | 3.102,84 | 62.056,81 | 11.170,23 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 4 | *полиетиленски и PVC водоводни цевки,притисок min.PN 10 бари, од една страна и со фланша за спојување со фазонски делови (универзални спојки за полиетиленски и PVC водоводни цевки со челичен фиксер и фланша) според МКС EN 14525: 2009 или еквивалентно. Последниот профил (315) се однесува за min. PN 16 бари.* | 110/100 | парче | 20 | 3.466,77 | 69.335,38 | 12.480,37 |
| | | 140/125 | парче | 16 | 4.150,71 | 66.411,36 | 11.954,05 |
| | | 160/150 | парче | 8 | 4.700,01 | 37.600,06 | 6.768,01 |
| | | 225/200 | парче | 8 | 8.683,35 | 69.466,82 | 12.504,03 |
| | | 280/250 | парче | 8 | 12.078,10 | 96.624,80 | 17.392,46 |
| | | 315/300 | парче | 4 | 17.276,93 | 69.107,72 | 12.439,39 |
| | | 355/350 | парче | 4 | 17.442,95 | 69.771,80 | 12.558,92 |
| | | 315/300 | парче | 4 | 17.276,93 | 69.107,72 | 12.439,39 |
| 5 | **Прохром - репарациона спојница** *тело од нерѓосувачки челик A2(AISI 304) или A4(AISI 316L) заптивна гума за вода за пиење: EPDM според МКС EN 681-1 работниот дијаметар на спојката со зададен номиналните дијаметар да биде во рамки на зададените соодветни минимални и максимални дијаметри дадени во заграда min.PN 10 бари.* ***Последниот профил Ф300 (мин.307--макс.327) се однесува за min. PN 16 бари.*** | 80 (мин.88-макс.110) | парче | 10 | 2.056,73 | 20.567,32 | 3.702,12 |
| | | 00 (мин.108-макс.128 | парче | 4 | 2.283,87 | 9.135,46 | 1.644,38 |
| | | 00 (мин.113-макс.133 | парче | 16 | 2.283,87 | 36.541,84 | 6.577,53 |
| | | 25 (мин 140-макс.160 | парче | 8 | 2.526,14 | 20.209,13 | 3.637,64 |
| | | 50 (мин.170-макс.190 | парче | 6 | 2.748,57 | 16.491,45 | 2.968,46 |
| | | 00 (мин.205-макс.225 | парче | 4 | 2.883,29 | 11.533,15 | 2.075,97 |
| | | 00 (мин.220-макс.242 | парче | 4 | 3.042,54 | 12.170,17 | 2.190,63 |
| | | 50 (мин.255-макс.275 | парче | 2 | 3.758,93 | 7.517,85 | 1.353,21 |
| | | 50 (мин.272-макс.292 | парче | 2 | 4.008,51 | 8.017,02 | 1.443,06 |
| | | 50 (мин.282-макс.302 | парче | 2 | 4.008,51 | 8.017,02 | 1.443,06 |
| | | 00 (мин.307-макс.327 | парче | 2 | 4.365,66 | 8.731,32 | 1.571,64 |
| | | 00 (мин.341-макс.361 | парче | 2 | 4.692,52 | 9.385,05 | 1.689,31 |
| | | 50 (мин.396-макс.416 | парче | 2 | 8.279,14 | 16.558,28 | 2.980,49 |
| | | 00 (мин.430-макс.450 | парче | 2 | 9.323,43 | 18.646,87 | 3.356,44 |
| | | 50 (мин.450-макс.470 | парче | 2 | 13.880,72 | 27.761,44 | 4.997,06 |
| | | 00 (мин.307--макс.32 | парче | 4 | 16.494,06 | 65.976,24 | 11.875,72 |
| | | | | | Вкупно: | 3.630.000,00 | 653.400,00 |